**20152296433**

## АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Врз основа на член 215 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на РМ“ бр. 55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15 и 192/15), Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИТЕ

Член 1

Во Правилникот за одржување на катастарот на недвижностите („Службен весник на РМ“ бр. 151/13, 8/15, 132/15, 147/15, 156/15 и 184/15), по членот 29-а се додава нов наслов и нов член 29-б кој гласат:

**„Доставување на правни основи и прилози до надлежната единица на локалната самоуправа**

Член 29-б

(1) Кога запишување во катастарот на недвижности се врши врз основа на солемнизиран договор за купопродажба или нотарски акт, со клаузула за платен аконтативен данок на промет на недвижности, во прилог на кои од страна на нотар по електронски пат се доставени и извештај за процена на пазарната вредност на недвижноста и пресметка на аконтативен данок на промет изготвени од страна на овластен проценувач, како и пополнета аконтативна даночна пријава, Агенцијата по извршеното запишување до надлежната единица на локалната самоуправа преку електронската пошта или преку електронски шалтер врши електронска достава на правните основи и прилозите, како и на списокот на промена и потврдата за извршеното запишување.

(2) Со електронската достава од ставот (1) на овој член се овозможува овластено службено лице од надлежната единица на локалната самоуправа по електронски пат да ги преземе правните основи и прилози, да изврши увид во истите и да ги печати во хартиена форма.

(3) Како време на уредно извршено доставување на правните основи и прилозите од ставот (1) на овој член се смета времето кога истите станале достапни преку електронската пошта или преку електронскиот шалтер до надлежната единица на локалната самоуправа.“

Член 2

Во членот 45 став (2) зборовите: „страната на подносителот на пријавата, односно од носителот на правото на предметната катастарска парцела и од“ се бришат.

Во ставот (3), во првата реченица, запирката по зборовите: „геодетски елаборат“ се заменува со точка, а зборовите: „врз основа на изјави за согласност дадени од ноствителите на правата запишани во идеални делови на предметната катастарска парцела заверени од надлежен орган согласно закон (нотар),“ се заменуваат со нова реченица која гласи: „За ажурирање потребно е да биде приложена изјава/и за согласност заверена од надлежен орган согласно со закон (нотар), дадена од лицата запишани во идеални делови на предметната катастарска парцела, со која изјавуваат дека се согласни да бидат избришани

од Имотниот лист во кој се запишани во идеални делови на предметната катастарска парцела, а нивниот идеален дел да се запише на носителот на правото запишан со правен основ.“

Член 3

Во членот 46 став (1) зборовите: „и за носителите на правата на“ се заменуваат со зборовите: „како носители на права и на“.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 0101-12672/5
25 декември 2015 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Анета Јорданова,** с.р.